# Медиум

весник за сите средношколци

Четврток, 30.03.2017; година V; бр. 29

www.medium.edu.mk


„ТЕМА ЗА ДИЛЕМА“

# Волонтерството - лекција за хуманост



Фото: Томислав Георгиев

стр.5



„ФАЦА НА МЕСЕЦОТ“

ИНТЕРВЈУ СО АКТЕРОТ АТАНАС АТАНАСОВСКИ

стр. 3



КАДЕ БЕВМЕ?

СРЕДНОШКОЛСКА РЕПОРТАЖА ОД ЊУЈОРК И БАНГКОК

стр. 4



ХЕРОЈОТ ОД МОЈАТА УЛИЦА

ЦИМЕРИ МИ СЕ ЧЕТИРИТЕ ЗМИИ

стр. 8


ВИСОКА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

НОВА МАКЕДОНИЈА

СРЕДНОШКОЛСКИОТ ВЕСНИК „МЕДИУМ“ Е ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ **„МАКЕДОНСКА КОАЛИЦИЈА ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ“**

**ПРОЕКТОТ Е ФИНАНСИРАН ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА**

ВОВЕДНИК



Елена Сарафиновска, професорка по македонски јазик и литература, СОУ „Кочо Рацин“, Свети Николе

# Образованието во служба на технологијата или обратно?

Живееме во време на постојани промени, многубројни турбуленции, нови откритија, постојани предизвици.

Секој ден се соочуваме со нешто ново, некое ново технолошко достигнување кое досега ни било непознато, а отсега би требало да ни го олесни секојдневниот живот. Се прашувам, можеме ли да бидеме во чекор со сето тоа? Каде се младите во целава приказна? Технолошките иновации најмногу и најпрво допираат токму до нив, но се чини дека тие не одат чекор нанапред.

Ако фрлиме поглед на тоа какви беа младите порано согледуваме дека Интернетот и социјалните мрежи не играа главна улога во нивното секојдневие и младите не беа своевидна жртва на технологијата. Имаа поинаква претстава за животот, поинаков пристап кон светот и кон сопственото образование. Порано младите се образуваа преку збор, преку книгата. Имаа желба да читаат, размислуваа и ги искажуваа сопствените мисли и ставови. Дебатираа, аргументираа и накрај заклучуваа.

Меѓутоа, денес сликата е сосема поинаква, пред сѐ кога станува збор за нивниот пристап кон образовниот процес. Се чини како да им недостига сопствено размислување, самите може да донесат само некаков блед заклучок. Употребуваат готови реченици, „размислуваат“ водејќи се од мислењето и ставовите на некој што тоа веќе го објавил на Интернет итн. Зарем тоа не е поразително?

Да, имаме ситуација на пребарување на Интернет наместо сопствено размислување, туѓи размислувања наместо развој на сопственото критичко мислење. На сметка на тоа согледуваме недостиг од речничен фонд и неможност за стилски обликувани изрази. Сведоци сме дека ваквата ситуација бара да се преземе нешто, да се направат некакви поразлични чекори во образованието.

Многумина можеби ќе мислат дека треба да вратиме назад кон оној, како што го нарекуваат, конзервативен и примитивен принцип кон восприемање на знаењата. Некои, пак, можеби ќе сакаат да се продолжи напред, но технологијата и сите можности кои ги нуди таа да ги искористиме на вистински начин.

Зарем образованието треба да биде инструмент на технологијата?

# Се одржа државното првенство за одбојкарки

Повеќе од 70 средношколки од училишта во сите региони во земјава се натпреваруваа на државното првенство во одбојка за средни училишта кое се одржа во текот на март во спортската сала на битолската гимназија „Јосип Броз Тито“. Првото место го освоија ученичките од скопското средно училиште „Никола Карев“, втори, пак, завршија одбојкарките од екипата на гимназијата „Јане Сандански“ во Струмица. Домаќинките на турнирот, средношколките од Битола завршија на третото место.

Ова првенство се организираше во рамките на државните училишни спортски игри, а најдобрите ќе учествуваат на годинашниот еднонеделен Училиштен спортски камп кој традиционално се организира во познато туристичко место. Таму, како што беше најавено од Агенцијата за млади и спорт, средношколците ќе имаат можност да се дружат со нивните спортски идоли.

# Средношколци ќе го регулираат сообраќајот

Дваесет ученици од средното училиште „Боро Петрушевски“ во Скопје се членови на првата Училишна сообраќајна единица (УСЕ) во земјава. Тие во соработка со вработените од Министерството за внатрешни работи ќе го регулираат сообраќајот, ќе ја издигнуваат јавната свеста за одговорно учество и ќе ги предупредуваат граѓаните кои ги прекршуваат сообраќајните правила и прописи.

Ваквата единица е формирана во рамките на проектот на Советот за безбедност на патиштата во градот Скопје и во неа членуваат средношколци од втора, трета и од четврта година. За да се формира првата УСЕ, на учениците им биле одржани вкупно 36 наставни часа, поминале теоретска и практична обука, учеле за сообраќајните знаци и ознаки на патиштата, за правилата во сообраќајот, за возачките исправи, за регистрациите на возилата итн. Исто така, покрај можноста да бидат дел од единицата, тие добиле и сертификати за поминатите обуки.

Средношколците-членови, како што беше најавено при промоцијата, кога ќе излезат на терен ќе бидат препознатливи по портокаловите елеци со натпис „Училишна сообраќајна единица“, како и по бејзбол капчињата што ќе ги носат и на кои ќе ја пишува кратенката „УСЕ“. Исто така беше најавено и оти ќе ги имаат сите потребни реквизити за регулирање на сообраќајот.

Покрај Советот за безбедност во сообраќајот на патиштата во градот Скопје, формирањето на првата сообраќајна единица е помогнато и поддржано и од градските власти, автосообраќајниот училиштен центар СУГС „Боро Петрушевски“, МВР, како и од Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.



# Ученици од Онтарио и Скопје го бојадисаа социјалниот центар во Шуто Оризари

Ѕидовите во социјалниот центар „Надеж“ во Шуто Оризари, каде што се згрижуваат ромски деца од социјално загрозени, многудетни или семејства со самохрани родители, добија нова боја. Бојадисувањето го изведоа учениици од „Appleby College“ во Онтарио, Канада, и средношколци од меѓународното училиште „Нова“ во Скопје.

Исто така, тие заедно работеа и во Здружението за развој на ромската заедница „Сумнал“ во Топанско Поле. Двата проекти се реализирале по пристигнувањето на канадските ученици во Македонија, кои тргнале на пат со намера да ги посетат сите земји низ кои минуваат мигрантите.

Хуманитарните акции, како што информираа, ги спроведуваат речиси во сите земји каде што застануваат.

Интересно е и тоа што со десетината ученици од Канада патува и нивниот професор по општествени науки, Александар Панев, кој по потекло е од Македонија.

- Патот низ Источна Европа е со цел да им се овозможи на учениците да запознаат различни култури како македонската, албанската, ромската, српската, унгарската, словачката и австриската. Идејата е да им се даде шанса да вкусат нешто ново, да се стекнат со мултикултурно искуство кое потоа ќе го однесат со себе и ќе го споделат во својата заедница, односно со семејството и пријателите - посочил Панев.

Исто така, целта на патувањето, според професорот, е и учениците да ја разберат комплексноста на меѓународната политика, економија и општество.



МЕДИУМ

**Уредници на „Медиум“:** Александра Темениугова, temenugova@vs.edu.mk, 02/30 90 004 и Александар Самарџиски, aleksandar.sa@novamakednoija.com.mk

**Техничко уредување:** Марин Матев **Веб:** Александар Делчевски **Лектура:** Светлана Арсовска

**Маркетинг:** тел. (02) 5511727 **Дистрибуција:** тел: (02) 5511734

**www.medium.edu.mk**; е-адреса: **medium@medium.edu.mk**

Оваа публикација е овозможена со поддршка од Европската Унија во рамките на проектот *Медиумска писменост во ера на наплив на информации: основање Македонска коалиција за медиумска писменост*, што го реализира Високата школа за новинарство и за односи со јавноста заедно со Институтот за различности во медиумите од Лондон, В. Британија, и дневниот весник Нова Македонија. Наведените мислења во оваа публикација се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на Европската Унија.

Проектот е финансиран од Европската Унија

# Гевгеличани во Даблин учеа за е-бизнис

Средношколци од гевгелиското училиште „Јосиф Јосифовски“ учествуваа на дводенеделната студиска посета во Даблин, Ирска, како дел од проектот „Воведување во е-бизнис“ при Еразмус Плус. Учениците се запознаа со тамошната култура, но и учеа за основните предуслови за развивање е-бизнис стратегија. Домаќините ја претставија ирската економија, а преку презентации ги запознаа со предностите на веб-дизајнот, старт-ап програмите на Националната банка на Ирска итн. Средношколците видоа примери за успешен е-бизнис план преку искуствата на познати претприемачи од Даблин. Програмата предвидуваше и практична работа, при што гевгеличани развиваа и свои е-бизнис стратегии.

„ФАЦА НА МЕСЕЦОТ“

ИНТЕРВЈУ СО АКТЕРОТ АТАНАС АТАНАСОВСКИ

# Сакам да глумам се додека ме држат коленава



Кога ќе се споменат театарот и комедијата, неговото име е едно од првите кое ќе им падне на ум, пред сѐ на младите генерации. Пред неколку дена публиката можеше да го види и во премиерата на претставата „Сон на летната ноќ“, а во април треба да излезе и филмот во којшто тој ја игра неговата прва филмска улога. Секогаш расположениот Атанас Атанасовски, за овој број на „Медиум“, во Театар Комедија пречека група средношколци, со кои разговараше за своите почетоци, тремата, плановите за во иднина, но им порача и да се водат според мотото „Ако не сега, кога?“.

**Кое беше вашето прво искуство со глумата, вашата прва претстава?**

Тогаш беше актуелна претставата „Буре барут“, се играше во тогашен МНТ Центар кој беше сместен во денешните простории каде што се наоѓа Театар Комедија. Ми беше една од омилените претстави, ја гледавме над 50 пати со мојот најдобар другар Дарко Богоески, кој всушност и ме „натера“ да дојдам во детското драмско студио. Па кога Магдалена нѐ праша што сакаме да работиме ние ѝ рековме „Буре барут“. Не направивме добра претстава, сепак беше аматерски и само ги имитиравме луѓето кои ги гледавме на сцена.

**Дали уште оттогаш сакавте да глумите во комедии?**

Не, тогаш не бев сигурен дека сакам комедии, ама сфатив дека повеќе ми лежат, посмешен сум, не сум толку сериозен. Меѓутоа, подоцна откако се запишав на Факултетот за драмски уметности, додека ми траеја студиите имаше различни методи на настава, учевме за разни типови жанрови, а не само за комедија. Кога ги завршив студиите се отвори и Театар Комедија, па ми се даде огромна можност да бидам еден од првите вработени во овој театар.

**Од претставите кои денес се актуелни во театрите кај нас, во која би сакале да глумите, а сте немале можност за тоа?**

Па, не знам. Но ете, од оние што сега во моментов се актуелни би ја спомнал „Животот е прекрасен“ на Морфов.

**Дали сте глумеле на некоја странска театарска сцена или во некој филм?**

Да, сум играл на сцената на Драмски театар. Се шегувам, не немам време и не знам дали ќе имам можност. За да играш на странска сцена, на пример во Србија, треба да го знаеш јазикот перфектно. Во глумата нема импровизација, се работи за јазик, во театар јазикот е најглавен, пишаниот збор, односно драматургот. Кога станува збор за филмовите, досега сум снимил еден филм. Засега е еден и единствен, станува збор за „Ах, љубов моја“ правен според првата претстава на Театар Комедија. Го режира Коле Ангеловски и треба да излезе во април.

**На кој начин се изолирате од секојдневието?**

Со пливањето. Тоа е мојот свет каде што се изолирам од сѐ друго, бидејќи на тој начин сум само јас и водата, глуво е сѐ. И моето тело и мојата психолошка состојба.

Во која улога што сте ја играле се пронаоѓате и дали планирате вашата кариера да ја продолжите тука?

Не можам да кажам дека се пронаоѓам во некоја улога, сите што ги глумам се идиоти. Кога станува збор за иднината, планирам да останам тука бидејќи имаме совршена ситуација. Театарот постои пет години и многу се разви за тој период, салите се полни и сакам додека ме држат коленава да останам овде каде што сум.

**Дали расте интересот кај публиката да доаѓа во театар?**

Искрено, не знам како било порано пред да почнам да работам. Мене како млад актер ми е интересно, бидејќи на нашата билетарница се случувало да се продадат и 800 карти за ден и пол. Постои желба, веројатно општеството има проблем затоа што е отруено со туѓи проблеми и бара свој начин да се справи со нив, па луѓето доаѓаат тука да се насмеат, да дадат аплауз, да сменат нешто од сивилото што го гледаат. Театарот постои 2000 години, тој никогаш нема да згасне. Ова е 3Д-уметност, во живо доаѓаат луѓе да глумат за тебе. Телевизијата на некој начин те лаже, се изменуваат кадри, сцени и секакви чуда и ефекти, додека во театарот нема ништо такво, овде е жива вистина. Рефлектори, актер на сцена, и вие гледате од темницата.

**Како и секој почетник сигурно порано сте имале трема пред настапите, но ја имате ли и денес?**

Секогаш, не може без тремата. Тремата е, всушност, многу незгодна гранка, затоа што кога ќе ја отвориш на Википедија или каде било на Интернет и да прочиташ нешто за неа, ќе ти излезат само симптомите што ни се познати на сите, како што се испотени раце, грчење на гласот, губење свест и такви работи. Но никој не дава корисно решение, односно не кажува како да се справиме со тоа. Значи, трема е, всушност, страв од неуспех, но без страв од неуспех нема успех. Трема секогаш мора да има каква било, опасна е кога те блокира, ама со искуството учиш и како да ја „хендлаш“. Јас имам трема пред секој јавен настап, пред секоја појава пред луѓе. Еве и сега имам трема за ова интервју, бидејќи вие сте многу луѓе, а јас треба да кажам нешто. Но се разбира, ова е позитивна трема.

**Како се снаоѓате кога ќе го заборавите текстот на сцена?**

Мораш да импровизираш. Лесно е кај нас актерите, бидејќи ти се сoживуваш со ликот, ако го заборавиш текстот ти сепак знаеш кај си. Секако тука е суфлерката или колегата да те врати. Но не се случува само да го заборавиме текстот, ова е жива материја, тоа е интересното, секоја вечер одново го создаваме светот, ниедна претстава не може да биде иста како претходната.

**Дали имате некој совет за оние кои сакаат да се занимаваат со глума?**

Па ако може не се занимавајте со ова. Зошто да си ја „акаш“ главата, да бидеш нервозен, да не можеш да размислуваш како нормален човек? Кога можеш да си работиш во банка, да си дојдеш дома во четири часот, да јадеш со семејството, со жена ти... Во нашата професија се работи 24 часа, па на идните актери можам да им кажам само - со среќа!

**Веќе неколку години ве гледаме и на манифестацијата „Златна Бубамара“, како е да се биде дел од неа, дел од тој тим?**

Тоа е една манифестација каде што мораш да зборуваш нешто и да кажеш нешто за некоја актуелна тема, треба да разговараш со луѓето. На таа сцена е многу различно од театарот, затоа што се снима и плус има огромен аудиториум, во живо те гледаат над две илјади луѓе. Секоја година е исто, а возбудата е многу поголема бидејќи трае пократко и не сум многу сигурен за тоа што го правам на сцена. Има прекрасна екипа која работи за манифестацијата да изгледа добро, тоа е огромна организација, доаѓаат бендови од целиот свет, актери, пејачи, кореографи и сѐ мора да биде добро организирано. Можам да кажам дека сме една другарска екипа.

**Росана Дабевска, Горјан Трајковски, Анастасија Јуруковска, Кате Јосовиќ, Илија Бабунски, Ева Свирева, Марин Маријановиќ, Ива Милосављевиќ, ученици во СУГС „Никола Карев“, Скопје**



## Од дете знаев дека ќе бидам актер

Актерот, како што вели, уште од мал сакал да се занимава со оваа професија, па почнал да оди во детско драмско студио.

- Уште од дете знаев дека ќе се занимавам со ова, уште од седмо одделение бев сигурен дека сакам да станам актер. Средно училиште завршив во „Марија Кири Склодовска“, познато како хемиско. Бев во првата генерација гимназиско образование. Тогаш нашето средно училиште немаше драмска секција, но јас одев во детското драмско студио кај Магдалена Ризова. Секогаш одевме по наставата, правевме претстави, смислувавме текстови – раскажа Атанасовски.

## Публиката не ја гледаме, но ја чувствуваме

На прашањето дали актерите додека се на сцена „фрлаат“ поглед кон публиката, гледаат ли кој седи во столчињата спроти нив, младиот актер вели дека е тешко да видат кој сѐ е од спротивната страна, но сепак воспоставуваат интеракција со публиката.

- Публиката не ја гледаме, знаеме дека е тука, но сепак е во мрак. Се случува да одблеснат некои очила, обично кога доаѓаат пензионерите. Можеби не ја гледаме, но ја чувствуваме. Кога ќе почнеш да се занимаваш со глума ќе разбереш дека не треба да се занимаваш со публиката, бидејќи на тој начин ја губиш, треба само да ја предводиш низ еден друг свет, дали е на Шекспир, Молиер итн. Ова е како еден голем пазар, ние ве водиме во еден свет и сакаме да го купите - вели Атанасовски.

КАДЕ БЕВМЕ?

СРЕДНОШКОЛСКА РЕПОРТАЖА ОД ЊУЈОРК И БАНГКОК

# Њујорк или Бангкок










Светот е книга, а оној кој не патува ќе прочита само една страница. Дека оваа поговорка е точна се уверивме при нашето последно патување . „Прочитавме“ многу, патувавме од едниот до другиот крај на светот, ги посетивме двата најоддалечени светски познати града.

Го видовме и Њујорк, а стигнавме и до главниот град на Тајланд, Бангкок. Но да почнеме со ред, редејќи ги нашите импресии.

Во моментот на слетувањето на аеродромот „Џон Кенеди“, сонот да го видиме Њујорк ни затропа на врата. Знаевме дека веќе само чудо може да нè спречи да не отидеме на Петта авенија, една од најпознатите улици во светот. Со причина е така. Но тоа не е така само поради продавниците на ексклузивните модни куќи, во кои просечен човек би можел да си дозволи единствено приврзок или евентуално навлака за визит-карти, кои повеќе не се во употреба. Се чувствува една особена магија, њујоршка. Се чини дека воздухот кој го дише човек таму е поинаков од каде било, а дождот кој паѓа е уживање дури и за оние на кои вообичаено им се приспива кога врне. Ветерот, пак, дува премногу силно, а сонцето, пак, знае да запече силно и во декември. Луѓето околу нас одеа мижејќи, а ние воопшто не се каевме што некои од нас не си ги понесоа очилата за сонце. Не ни пречеше ниту метежот поради кој е невозможно да се движиш нормално, а кој во Скопје ужасно би нè нервирал. Но таму, во Њујорк, немавме ништо против иако едвај се разминувавме и постојано доцневме.

Тоа е град на совршено добра интеграција во секоја смисла на зборот. Чекорејќи по улиците сфативме дека сè на овој свет е нормално и прифатливо и сè што се случува е право на избор. Самиот ти можеш да одлучиш како ќе го започнеш денот и со кого.

Ноќите, пак, се едни од најомилените во Њујорк. Прошетки, претстава на „Бродвеј“ или шопинг во до доцна отворените продавници. Да, имавме безброј опции. Поради различностите кои ги видовме воопшто не се изненадивме кога поминавме и покрај кафуле од кое се слушаше балканска музика.

И кога не знаевме каде да одиме, за што да се одлучиме, ние уживавме онаму каде што ќе се „затечевме“. Заминавме од Њујорк посакувајќи пак да се вратиме, бидејќи тоа е градот кој никогаш не спие, тоа е градот каде што секогаш можеш да ја постигнеш максималната амплитуда на расположение.

На другата страна на Земјината топка е Бангкок, гордоста на Тајланд, градот каде што имавме можност и ние да прошетаме. Првиот впечаток беше дека сме дошле во градот каде што секое добро, но и секое зло на светот може да те снајде токму тука. Се чини дека постои огромна поделеност која за тамошните жители не претставува никаков проблем. Изгледа како да живеат во една мултифункционална симбиоза и тоа е она што ги прави непобедливи. Од една страна за некои различности во Бангкок не постои разбирање, а од друга, пак, сосема е нормално по улиците да се шетаат партнери од ист пол со нивното дете кое никогаш нема да се почувствува отфрлено поради неговите родители. Тотална контрадикција се и, на пример, квартовите каде што живеат богатите, каде што нема ни малку отпадоци и другите делови од градот во кои си рековме „Па, Скопје и не е толку загадено и нечисто“.

Впечаток од Бангкок ни остави и религијата, која се чини е најважна и водечка сила во нивното општество. На прв поглед „бодат очи“ прекрасните храмови, но кога поразговаравме со неколку луѓе, всушност, научивме дека тие вистинскиот мир и благосостојба ги пронаоѓаат во вербата во самите себе.

Тие се и смирени, насмеани, гостопримливи, хумани, но и импулсивни и борбени. Сосема се задоволни од она што го имаат, го почитуваат својот нов крал, но неговиот неодамна починат татко е нивниот идол. Во негова слава не постои ден на жалост, бидејќи како што велат, му оддаваат почит секојдневно. Луѓето во Бангкок изгледаат како да не им е важна глобализацијата, воопшто не се грижат за странските брендови или, пак, италијанската кујна. Сè што произведуваат тие самите е го искористуваат. Шопинг-центрите се преполни со домашни модни брендови, а доколку залута некој странски моден бренд тоа е веројатно за да ги задоволи туристите, бидејќи тоа е и нивната цел, сите да бидат задоволни и среќни.

Пазарите, пак, за нас беа симбол на пријателство, дружба, смеа и љубов.

Заедно продаваат постариот брат и двете помали сестрички, двајца млади кои штотуку стапиле во брак и срамежливо си упатуваат нежни погледи, но и старица која со големо внимание постојано го преддува овошјето на тезгата. Иако беше тешка комуникацијата со нив, лесно ги разбиравме и видовме дека се навистина среќни.

Во Бангкок ни се сруши и стереотипот дека ние сме еден од најработливите и трудољубиви народи, бидејќи таму видовме како луѓето навистина се трудат да бидат подобри и за себе и за општеството.

Заминавме и оттаму со импресии дека тој град, таа земја, тие луѓе се навистина посебни и прекрасни, имаат посебна култура, природа, начин на живот и поглед кон светот.

**Христина Балканов, трета година во СУГС „Раде Јовчевски Корчагин“, Скопје**

# Волонтерството - лекција за хуманост



Фото: Томислав Георгиев

Средношколците во Македонија немаат доволно информации за волонтирањето како активност за доброволно давање услуги во разни сфери, недоволно се ангажирани, но генерално ги познаваат основните принципи на волонтирањето - дека не станува збор за работа од финансиска корист, туку за алтруизам и за хуманост, заклучуваат лицата кои секојдневно се дел од оваа проблематика. Волонтерството, според законската дефиниција, придонесува за подобрување на квалитетот на животот со активно вклучување на луѓето во општествениот живот, како и за развој на хумано и рамноправно демократско општество. Луѓето, инволвирани во волонтерството, а кои беа наши соговорници, оваа хумана активност ја опишаа како учење, многу работа и дружба. Златко Талевски, извршен директор на Младинскиот културен центар од Битола и координатор на неформалната мрежа на граѓански организации „Волонтерски центар на Македонија“ (ВЦМ) смета дека средношколците имаат интерес, но немаат многу можности за волонтирање на училиштата.

- Средношколците недоволно се ангажираат за волонтирање. Според мене, основниот проблем е што нема систем за волонтерски менаџмент во училиштата и не се препознава волонтирањето како корисна вonнаставна активност. Дел од нив се активираат во граѓанските организации каде што има повеќе можности за волонтерска работа, но сепак и тој број не е значителен - појасни тој.

И Анџела Арсенијевиќ, 17-годишна средношколка, волонтерка во социјалниот центар „Дуња“, е на истата линија како него. Волонтерка станала на 13 години, по препорака на свои роднини кои биле дел од Црвениот крст на Македонија. Најпрво била дел од оваа организација, а потоа се приклучила и на други организации како „Младите можат“. Учествувала во разни волонтерски улични акции за собирање средства за социјално загрозени семејства.

- Мислам дека во Македонија нема распространета волонтерска мрежа. Црвениот крст е организација која доста го промовира волонтерството, а многу помалку други организации, што е голема пречка за запознавање на средношколците со оваа активност. Младите се заинтересирани за волонтирање, но мора некој да ги поттикне и да ги информира - вели Арсенијевиќ.

Иако волонтирањето е неплатена работа, сепак, како што појасни Талевски од „ВЦМ“, лицата кои ќе се вклучат во оваа активност имаат право на надомест на трошоци, најчесто за храна и превоз, доколку е потребно.

Според него, треба да се вложува повеќе напор во поттикнување на волонтерски програми кои ќе вклучуваат повеќе ученици и да се промовира културата на волонтирање.

- Треба промена на перцепцијата во јавноста дека волонтирањето е „работа за џабе“ и на средношколците да им се пренесе пораката дека волонтирањето е помагање на други, но и дека тука е можноста за дружење со врсници и дека може да биде и многу забавно. Исто така многу е важно да разберат дека волонтирањето е доброволно, а не задолжително - информира Талевски. За промоција на културата на волонтирањето, како што рече, потребна е соработка меѓу училиштата и граѓанските организации со поддршка на државните институции. Сето ова е предвидено во Националната стратегија за развој и промоција на волонтерството, каде што една од целите е поттикнување на културата на волонтирање во образовниот систем. Меѓутоа, според Талевски, во практика тоа не функционира.

- Оставено е сè на парцијални, ад хок иницијативи најчесто од страна на граѓанскиот сектор кои најчесто се успешни, но немаат континуитет и не се постојани. Резимето е дека е потребна политичка волја за буџетска поддршка на волонтерски акции на учениците како дел од вонпаставните активности во училиштата од Министерството за образование и од локалните самоуправи - категоричен е тој.

Според досегашната практика, средношколците најчесто имаат желба за вклучување во хуманитарни активности, еколошки акции за чистење, како и спортски активности. Поточно, сакаат активности во кои веднаш е видлив резултатот. Во однос на бенефициите за средношколците-волонтери во Македонија, споредено со други земји каде што волонтерството е поразвиено, може да се каже дека тука ги нема. На тоа посочи и средношколката Арсенијевиќ.

- На пример, во разни земји низ светот се добиваат бодови за општокорисна работа, кои потоа на младите им се од особена корист при упис на факултет - вели средношколката.

Талевски, пак, посочи дека бенефициите се позитивен страничен ефект, но не се примарна мотивација на волонтерите во другите земји каде што волонтирањето е поразвиено. Но сепак, се прави позитивна разлика кај учениците кои волонтираат од оние кои не го прават тоа, појасни тој. Волонтерите се поактивни, посвесни за потребите на својата локална заедница каде што помагаат и инвестираат во својот личен развој. Тоа е препознаено како предност при упис на факултет, при апликација за вработување или за учество во програми за неформално образование. Сите заинтересирани средношколци, повеќе информации за волонтирањето и за Младинскиот културен центар од Битола може да прочитаат на интернет-страницата: http://www.volonter.mk.

## Секој што сака да помага може да биде дел од програмите на Црвениот крст

Најраспространетата мрежа на волонтери во земјава ја има Црвениот крст на Македонија. Во оваа организација секој волонтер може да се вклучи во редовните активности и да волонтира во најблиската општинска организација на Црвен крст (вкупно 34 и Црвен крст на Град Скопје) во согласност со своето слободно време и своите интереси и желби.

- Програмите во кои секој може да се вклучи и да иницира активности се: здравствено-превентивна дејност, подготвеност и дејствување во случај на катастрофи, промовирање на крводарителство, прва помош, работа со млади, социјално-хуманитарна дејност, воспоставување на семејни врски, информирање и многу други проектни активности кои се реализираат во општинските организации на Црвен крст. Волонтерството претставува доброволно давање на услуги инспирирано единствено од слободната волја и желбата да се помогне - информираат од Црвениот крст на Македонија. Сите заинтересирани може повеќе да прочитаат на нивната интернет-страница: **http://ckrm.org.mk/stani-volonter/**.

## Кој може да биде волонтер?

Волонтер може да биде домашно и странско физичко лице. Волонтер може да биде и малолетно лице со писмена согласност од неговите родители или старатели. Договор за волонтирање со малолетни лица може да се склучи само со писмена согласност од неговите родители или старатели, објаснето е во Законот за волонтерство.Организатори на волонтерска работа можат да бидат: здружение на граѓани и фондација, верска заедница и религиозна група, јавна установа, орган на државна власт и единица на локалната самоуправа и Град Скопје.



Анџела Арсенијевиќ

# Цимери ми се четирите змии

НИКОЛА РАДОВИЌ, УЧЕНИК ВО СУГС ГИМНАЗИЈА „ОРЦЕ НИКОЛОВ“







„Тој е нашиот Стив Ирвин“ е најчестиот одговор што ќе го слушнете ако низ ходниците ги прашате учениците во скопската гимназија „Орце Николов“ за тоа кој е Никола Радовиќ. Ваквиот одговор следува затоа што Радовиќ со неговата љубов и желба да одгледува егзотични животни ги асоцира на Австралиецот Ирвин, кој својата светска слава ја достигна со серијата документарци „Ловец на крокодили“ и беше познат по неговото дружење со тропски и егзотични животни.

Никола Радовиќ е ученик во втора година кој, како што вели, живее следејќи го сонот. Во неговиот дом чува четири змии. Најстарата има пет години и се вика Данче, а најмладата, Мила, е осум месеци. Другите две, од кои едната е машко, се на возраст од година и шест месеци, а ги крстил Менси и Сид.

Тие не се негови први миленици, љубовта кон животните ја негува уште од мал. Порано чувал и папагал, хрчаци и риби, кои пробал и да ги размножува, а има и куче и маче. На четирите змии, вели, се навикнал и не му пречат во неговите планови, училишните и домашните обврски. Додека едната од нив е поагресивна, а другата не е многу по играњето, преостанатите две се љубопитни и сакаат повеќе да се галат и дружат со него.

Неговите домашни миленици, желбите и плановите се темата на која разговаравме со средношколецот Никола Радовиќ.

**Медиум: Зошто се одлучи да чуваш опасно животно како змијата?**

**Никола:** Како прво, не сите змии се опасни. На пример, змиите што јас ги чувам се пченкарни змии (Pantherophis guttatus) и кралски питони (Python regius). Пченкарните не се отровни и се безопасни кон луѓето, дури и им помагаат во уништувањето на штетните глодачи.

Поради нивната мирна природа, средна големина и многубројни шари и бои се чуваат како миленици. Кралските питони, според името иако звучат како поголеми од нормалните питони, тие всушност се помали и достигнуваат до еден и пол метар во должина како возрасни. Тие исто како и пченкарните имаат разновидни шари наречени морфови. Една од главните причини поради која се решив да ги имам како миленици беше тоа што сакав да почнам да го следам мојот сон, а тоа е да одгледувам и размножувам егзотични животни.

**Медиум: Беше ли тешко да ги убедиш твоите родители да ти го дозволат тоа?**

**Никола:** Па, беше мошне тешко. Првиот одговор на мајка ми беше не, но со текот на времето воочи колку ми значи и попушти. А татко ми ме поддржуваше во секој момент, бидејќи е ветеринар и тој имал голема желба да чува змии, но не го направил тоа оти мајка му не му дозволила.

**Медиум: Си запознал ли и други луѓе кои исто така чуваат змии?**

**Никола:** Да, познавам тројца кои го имаат истото хоби како и моето. Еден од нив ми беше идол кога бев мал, но и денеска е. Тоа е Војо. Секогаш кога одев во неговата продавница за миленици бев пресреќен. Таму и го добив моето прво искуство со змии. Сега сè повеќе луѓе се решаваат да чуваат ваков миленик. Во светот ова хоби е многу помасовно прифатено, но и во Македонија почнува да станува интересно хоби. Практичноста и скромните услови кои ги бараат овие миленици уште од самиот почеток не се многу... уште една причина зошто сè поголем број луѓе се решаваат да ги чуваат. Потребно е само да се победат стравот и предрасудите дека сите змии се опасни.



**Медиум: Си размислувал ли во иднина ова хоби да го претвориш и во твоја професија?**

Никола: Се разбира. Сега само собирам искуство кое во иднина ќе ми биде драгоцено кога ќе го зголемам бројот на животни и ќе започнам професионално да се занимавам со нивно одгледување. Покрај тоа, сакам и планирам да отворам и хотел за животни, бидејќи сметам дека тоа е услуга што сè повеќе ќе се бара.

**Медиум: Што научи за змиите?**

Никола: Од моето искуство со змиите можам да речам дека секоја единка има свој карактер. Некои се дружељубиви, некои се плашливи. И многу е важно да се приспособиме на нивниот карактер и со нив да манипулираме исправно. Кога повеќе ќе ги запознаеме, помалку ќе се плашиме од нив. Ќе почнеме да ги почитуваме змиите од нашето поднебје, кои се заштитени со закон и апсолутно не му штетат на човекот, а човекот многу често поради страв и заблуди ги убива.

**Ивана Буџаровска, Ева Милева, Анамарија Даневска,втора година во СУГС „Орце Николов“, Скопје**

# ЈАС МИСЛАМ ВАКА

## Ерозија на моралните вредности



Едноставна детска љубов во младите тинејџерски години. Знаете за што зборувам: држење за рака, слатки бакнежи, срамежливи насмевки, затскриени погледи, испраќање до дома, „те сакам“ и „јас тебе повеќе“... Онака како што би требало да изгледа првата љубов на едно петнаесетгодишно девојче. Но зошто да е толку клише? Зошто љубовта, која треба да е толку невина, детска, наивна и чиста на оваа возраст, да биде токму таква кога може да е поразлична, толку погрешна и да не го ни заслужува името „љубов“? За голема, огромна жал, живееме во општество каде што од ден на ден сè повеќе се намалува бројот на луѓето кои навистина го познаваат магичното чувство на љубовта и нејзиното искрено значење.

Од ден на ден сè почесто се губат вистинските вредности на љубовта и се заменуваат со дегутантни нешта, несвојствени за возраста и универзалните општествени вредности. Девојчињата не тргнале уште во средно училиште, а приоритет им се автомобилите во кои ќе ги возат, колку пијалаци ќе бидат почестени вечерта, колку скап подарок ќе добијат за нивната дружба, колку пари ќе извади на маса нивниот придружник, дали градот ќе зборува за нивното петнаесет години поворасно момче и што ли уште не! Голем дел од овие девојки претставуваат обична играчка за некој човек кој може да ни биде татко, сè со цел да бидат забележани и зборувани низ градот.

Денес многу лесно можат да се изгубат две многу важни нешта кај секоја девојка: нејзиното детство и достоинството. Во времето кога треба да се запознаат со интимноста во љубовта, да научат повеќе за меѓусебните односи и да уживаат во чистотата и наивноста на младешкиот занес, голем број девојчиња уште одамна искусиле бесчувствени, празни и површни сексуални односи. И што се случува? Заради материјалните добра, нивните души останале празни. Девојките останале без своите фантазии, без пеперутки во стомакот, без неповторливиот предизвик да се исполни животот со чиста и искрена љубов. Сè им е откриено и лесно достапно, а без никакво значење. Се прескокнуваат емоциите и чувствата, уживањето веќе станува мит и преминува во нешто толку секојдневно и изживеано уште на тинејџерска возраст.

И што е уште пожалосно, токму овие девојки со ваквите постапки мислат дека навистина успеале во животот и дека го уживаат „високиот“ статус во општеството.

Неизмерно е жалосен фактот дека секоја од овие девојки никогаш нема да ги разбере своите погрешни постапки, да сфати колку пребрзо пораснала и тоа на многу погрешен и недостоинствен начин. Го продава своето тело, не давајќи никакво значење на својата интима и на чувствата, само за да го задржи својот богат партнер чија возраст е двојно поголема од нејзината. Голем дел од нив веројатно и мислат дека многу од нивните врсднички им завидуваат на „луксузот“ во кој живеат, на начинот на кој ја трошат својата младост и на парите што ги имаат...се извинувам, парите што ги има нивното момче. Нивниот избор на живот единствено треба да претставува само еден голем и погрешен пример како не треба да се живее. Се надевам дека таквите девојки и нивните постапки ќе претставуваат исклучок, а не правило. Се надевам дека ќе бидат предмет на потсмев, а не пример за следење.

И мојот најголем страв лежи во помислата дека можеби еден ден ќе исчезнат сите вистински вредности и дека ќе се заменат со сосема погрешни, каде што ваквите девојки ќе станат пример за однесување на младите и многумина ќе се стремат да го постигнат истото. Се надевам дека се лажам ако заклучам дека истото не започнува да се случува и сега.

**Поликсена Тунтева,**
**ОСУ „Св. Климент Охридски“, Охрид**

## Описменете нé, на протест можеме и сами



Живееме во хаос. Протестите се неделив дел од човечката природа, како порано така и денес. Луѓето од сите возрасти го изразуваат својот неспокој поради незадоволство од секаков вид. Но да зборуваме за специфична група на ученици од основниот и од средношколскиот круг.

Во време на големи недоразбирања тие се главна мета која се користи за добивање широка маса на протести и пополнување на празните места, иако некои од нив одат по своја волја. Но што се случува со оние просветни лица чија должност е да ги образоваат, а масовно или затскриено, криејќи се зад нивните функции во една образовна институција, повикуваат на протест? Без разлика дали сакаат да добијат политички поени од која било страна или да ги избегнат одговорностите, злоупотребуваат ја присутноста на учениците и студентите во истата институција. Сето тоа се случува пребрзо и сè почесто. Без глобализирање и без ставање акцент на одредени лица, сепак, се работи и за директори кои водат образовни институции, а една од причините што истите повикуваат на протест е нивната корумпираност. Го прават обратното од нивната функција, бидејќи во нивната надлежност не стои дека се должни да повикуваат, да мотивираат за протест и општествено незадоволство.

Доколку учениците се свесни и искажуваат исто незадоволство, но со друга причина - која води од самите нив, оправдано. Но сосема е погрешно просветните лица и директорите на институциите да се борат за учениците да губат од своето време што треба да биде потрошено на едукација. Да се борат за да излезат на протест. Треба да се издигне свеста на учениците, нивното постоење и присуството да не биде злоупотребено за пополнување на масата на каков било протест. Се работи за достоинство и за своја волја. Доколку ученикот смета дека треба да го направи тоа, тоа е сосема в ред. Но неотповикливо, сосема погрешно е оние на кои им е функција да седат на катедра и да ги описменуваат идните генерации и столбови на ова општество да бидат заинтересирани за присуство на учениците на протест од каков било калибар. Погрешно е, општеството треба да го разбере тоа.

**Јован Илиоски,**
**СОУГ „Кирил Пејчиновиќ“, Тетово**

## Шанса за работа и успех



Ајде да го согледаме животот во нашата ни мила татковина од една друга перцепција. Драги мои читатели, би си зела за право да ве прашам - кој е главниот проблем на младите во Македонија? Без ниту малку размислување, претпоставувам, одговорот е невработеноста. Не сум сретнала личност која ниту еднаш се нема запрашано дали вреди воопшто да размислуваш да останеш овде, да формираш семејство, да градиш кариера, дали вреди да размислуваш за иднината во Македонија.

Размислувањата за иселување од родното место во денешно време не губат на актуелност. Мислата за подобар живот и наоѓање среќа надвор од татковината е особено изразено меѓу младата популација. Самиот начин на живот, условите за егзистенција и колку можеш да добиеш шанса за напредок ја тера, пред сè младата популација да мигрира во потрага по подобар живот, што воопшто и не е чудно.

Стапката на невработеност кај младите, како што говорат статистиките, изнесува 54 проценти и за ова причината не ја барам кај младото работоспособно население. Причината, односно грешката ја воочувам во државата.

Претставата за животот во Македонија е сосема различна од онаа во земјите каде што е ветена парата. Ветена затоа што земјите каде што најчесто заминуваат младите се држави каде што образованието, трудот и макотрпната работа се ценети, признаени и платени. Точно е дека понекогаш се работи од утро до мрак, меѓутоа не за корка леб како овде, туку за да ги задоволат сите свои потреби и планови кои ние би си ги оствариле ако земаме по 30-50 илјади денари месечно. Невозможно, нели?

За жал, кај нас завршеното високо образование и големата желба за успех не се клучен фактор за вработување. Се соочуваме со болна реалност во која младите со висок степен на образование не работат никаде или работат во продавница, бутик или сл., истото тоа што можат да го работат и со средно образование, односно без диплома.

Нема ништо лошо во таа работа и човекот не треба да биде дефиниран според тоа, но се чувствува бес, бидејќи е неправда да вложиш во своето образование, а да немаш корист од тоа.

Нели ние младите сме иднината на државата?! Но вреди ли да дигнеш глас и да се бунтуваш за подобро, кога едноставно можеш да се спакуваш и да си заминеш некаде каде што животот те чека?

Потребно е државата да има поголем интерес за нас, да ни даде услови и шанси за работа и практика токму во годините кога можеме да бидеме најпродуктивни, кога гориме од желба да успееме. Да се направи тоа пред да згасне таа желба, да се спречи или барем да се намали иселувањето надвор од татковината.

**Елена Ефремова, СОУ „Кочо Рацин“, Свети Николе**

ВЕСТИ ЗА МАКЕДОНСКАТА КОАЛИЦИЈА ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

# Медиумска лабораторија во Свети Николе



Дел од средношколците од гимназијата „Кочо Рацин“ во Свети Николе беа учесници на медиумската работилница која се одржа во училиштето. Четириесетина ученици учеа како се прави весник и како се пишуваат вести.

На работилницата учениците се запознаа со тоа како работи една редакција, како се прават содржините во медиумите и кои се професионалните стандарди што треба да ги почитуваат новинарите. Тие вежбаа пишување вести, кои потоа ги презентираа пред присутните учесници. Средношколците учеа и за тоа како да станат медиумски писмени граѓани и колку е важно тоа за едно здраво демократско општество.

Предавањето за основите на новинарството го реализираа предавачи на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста, Александра Теменугова, и новинарот од дневниот весник „Нова Македонија“, Жарко Василевски.

Овој настан се организира во рамките на проектот „Коалиција за медиумска писменост“, при што Високата школа за новинарство и за односи со јавноста и дневниот весник „Нова Македонија“ секој месец ги посетуваат училиштата низ Македонија, а реализацијата е овозможена со поддршка на Европската Унија. Средните училишта кои се заинтересирани да бидат домаќини можат да се пријават на интернет-адресата medium@medium.edu.mk. Ж.В.

## СОВЕТУВАМЕ:

# Заштити си ја приватноста на мобилниот телефон

Паметните телефони станаа сѐ почеста мета на хакерите, кои од нашите телефони може да ги дознаат сите лични податоци. Во продолжение издвојуваме неколку совети како да ја заштитите приватноста на вашите телефони:

1. Исклучете ги рекламите на вашиот телефон

Ајфон: Одете на приспособување/settings и кликнете на приватност/privacy, потоа одберете рекламирање/advertising и вклучете ја опцијата за лимитирање на рекламите/limit ad tracking.

Андроид: Одете на Гугл приспособувањата/google settings и кликнете на реклами/Ads, потоа одберете реклами, исклучете ги рекламите/Opt out of interest - based ads и кликнете ОК.

2. Заклучете го екранот

Одете на приспособувања/settings и кликнете на безбедност/security, одберете безбедност на екранот/screen security и одберете начин на кој ќе го заклучите екранот. Препорачливо е да се избере пин или лозинка која лесно може да ја запомните, а не шема бидејќи луѓето лесно можат да ја забележат и запомнат.

3. Исклучете ја вашата локација

Андроид: Одете во приспособувања/settings и потоа во лични поставки/personal, потоа изберете локација/location и исклучете на OFF.

Ајфон: Одете на приспособувања/settings, изберете приватност/privacy, а потоа изберете услуги за локацијата/ location service и исклучете на OFF.

4. Енкрипција

Енкрипцијата е еден од најдобрите начини да ги заштитите вашите лични податоци во случај да ви го украдат телефонот. Овој процес може да трае еден час, па батеријата треба да биде барем 80 проценти полна и телефонот да биде вклучен за време на целиот процес. Започнете најпрво со одбирање на опцијата приспособувања/settings, изберете безбедност/security и тука ќе ја најдете опцијата за енкрипција на вашиот телефон. Ако батеријата на вашиот телефон не е доволно полна за процесот ќе добиете известување. Откако ќе ја изберете опцијата за енкрипција на вашиот телефон не смеете да правите ништо што ќе го прекине процесот, во спротивно податоците на вашиот телефон ќе се избришат.

## СТРИП




www.comicscenter.mk

Автор: Евгенија Трајковска СУГС „Георги Димитров“

Во соработка со Стрип центар на Македонија

## КОНКУРСИ, МОЖНОСТИ, ОБУКИ

# Младински видео фестивал

Алијансата на цивилизациите на ОН ги повикува сите креативни млади луѓе да учествуваат со свое видео на тема миграцијата, различностите и социјалната инклузија на фестивалот „PLURAL+“. Видеата не треба да бидат подолги од 5 минути, вклучувајќи ги насловот и одјавата, и можат да бидат на кој било јазик, со тоа што сите видеа кои не се на англиски мораат да имаат англиски превод. Сите заинтересирани треба да испратат видео, лични податоци и податоци за видеото, како и потпишан формулар за учество на интернет-адресата: plural@unaoc.org. Победниците од трите возрасни категории ќе добијат награда во вредност од 1.000 долари и ќе им бидат покриени трошоците за да присуствуваат на доделувањето на наградите во Њујорк. Пријавувањето за конкурсот трае до 4 јуни. Повеќе информации на https://pluralplus.unaoc.org/about/questions/.

# Меѓународен средношколски натпревар за медиумски производи

Програмата Bow Seat Ocean Awareness ги поканува сите средношколци да учествуваат на нивниот натпревар со свои медиумски производи на тема „Загадување на океаните: Предизвици и решенија“. Медиумските производи треба да ја поттикнат публиката да размислува за влијанието на загадувањето на океаните, да дадат идеи за можни решенија и да влијаат врз зголемување на свеста за загадувањето. На натпреварот може да учествуваат групи и поединци. Првопласираниот ќе добие парична награда во износ од 1.500 долари, втoропласираниот 1.000 долари, а третиот 500 долари. Пријавувањето за конкурсот трае до 19 јуни. Повеќе информации на http://www.fromthebowseat.org/contest.php.

# Меѓународен натпревар за есеј за млади 2017

Фондацијата Goi Peace во соработка со УНЕСКО ги поканува сите млади кои сакаат да пишуваат да учествуваат на Меѓународниот натпревар за есеј за млади 2017 на тема „Учиме од природата“. Есеите треба да дадат идеи и препораки што може да се научи од природата и како она што ќе го научиме можеме да го искористиме во иднина. Есеите може да бидат напишани на англиски, француски, шпански и германски јазик и треба да имаат најмногу 700 збора и не треба да бидат претходно објавени. Првопласираниот ќе добие парична награда во износ од 880 долари, втoропласираниот 440 долари, а третиот сертификат и награда. Пријавувањето за конкурсот трае до 15 јуни. Повеќе информации на https://www.goipeace.or.jp/en/work/essay-contest/.